РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-525/2

10-02-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на 03.02.2023 година ја донесе следната

***О Д Л У К А***

Пријавата заведена под број 12-525/1 од 02.02.2021 година, во врска со постапката за продажба на А.Д. „---------"- во стечај, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-525/1 од 02.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од страна на непознат подносител, на ден 02.02.2021 година, поднесена е пријава во која подносителот наведува дека била извршена нелегална продажба на објектот Стоковна куќа на А.Д. „-------" - во стечај кој се наоѓал во --------- на ул.---------- бр.- зграда 1- влез -, КП.----, ИЛ..бр.-------------.

Имено, подносителот во пријавата изнесува наводи за продажбата на објектот на блиски луѓе на лицето ------------- и бара од ДКСК да постапи согласно своите надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Исто така ДКСК веќе постапувала по пријави за слични наводи во врска со приватизацијата и продажба на објекти на А.Д. „----------"- во стечај, по кои има донесено одлуки во кои констатира дека нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:м-р К.З
Одобрил:м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk